РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5485/2

18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62-та седница одржана на ден 15.02.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12-5485/1 од 03.12.2019 година со наводи за незаконска и нелегална изградба на сепарација за песок, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување заради тоа што по однос на конкретните наводи за предметниот случај постапиле органи кои се надлежни да постапуваат, а исто така по поднесена кривична пријава се постапува и пред друг надлежен орган - *Основно јавно обвинителство Кавадарци.*

Предметот со број 12-5484/1 од 03.12.2019 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 03.12.2019 година, поднесена е пријава заведена под број 12-5485/1 од 03.12.2019 година, по која е оформен предмет со наводи за сомнеж за корупција и судир на интереси, во врска со ископ на песок, камен и чакал од речното корито и за незаконска и нелегална изградба на сепарација за песок во место викано ------ --------- КП бр. ------/1 КО с. -------- Општина ------------.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и по извршениот детален увид во документацијата приложена кон пријавата констатирано е дека од страна на подносителите на пријавата во врска со предметниот случај биле испратени неколку претставки/барања за надлежно постапување до повеќе институции во РСМ кои постапиле во рамките на нивноте законски надлежносто и тоа: до Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, од 05.09.2019 година; до Државниот инспекторат за животна средина м. септември 2019 година, со барања за вонреден инспекциски надзор, кој постапил и го известил подносителот дека бараниот надзор бил извршен на ден 08.10.2019 година, преку водостопански инспектор, кај правниот субјект АД -------------------- на РСМ и кај правниот субјект ----- -------- ---------- од Кавадарци, за што биле изготвени записници со констатирана состојба, работа и постапување согласно член 142 од Законот за води, Заштита и подобрување на режимот на водите со вадење на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на површинските водни тела односно, дека работите се изведувале со издадена дозвола и според проектна документација од март 2018 година; како и до Државниот инспекторат за животна средина од 06.11.2019 година, со барање за инспекциски надзор, кој постапил по барањето, бил

извршен вонреден инспекциски надзор во Општина ----------- и бил изготвен Записник од 20.11.2019 година.

Воедно, во врска со предметниот случај на 13.09.2019 година поднесена е и кривична пријава до Основното јавно обвинителство Кавадарци, против инспектор по животна средина при Инспекторатот за животна средина во Кавадарци.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по однос на конкретните наводи за предметниот случај постапиле органи кои се надлежни да постапуваат, а воедно за дел од поднесените барања како и во врска со кривичната пријава поднесена во врска со случајот постапките биле се уште во тек пред соодветни надлежни органи (*Државниот инспекторат за животна средина и Основното јавно обвинителство Кавадарци)*. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК